**20111593486**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија, број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105,09, 48/10, 158/10 и 53/11), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници.

Член 2

Службената легитимиција е изработена од 135 грамска хартија кундздрук во зелена боја, пластифицирна со 175 микронска фолија со димензии 90 Х 55 мм, која е сместена во дводелен кожен повез со црна боја, и секој дел е со големина 75 Х 105 мм и се издава на образец, даден во прилог , кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службената легитимација е сместена во десната страна од кожниот повез, под прозирна пластична фолија.

Предната страна содржи: на горната лева страна симболот на Царинската управа на Република Македонија, десно од симболот во горниот десен агол стои текстот: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ЦАРИНСКА УПРАВА". Од десна страна има празен простор за фотографија со димензии 24 Х 22 мм, а под овој простор се впишува бројот на легитимацијата. Лево од просторот за фотографија стои текст: "СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА". Под овој текст се впишуваат податоци за името и презимето на царинскиот службеник.

Задната страна содржи: адреса на живеење и единствен матичен број на царинскиот службеник, датум на издавање и регистерски број на легитимацијата. Под овој текст се впишува крвната група на царинскиот службеник и потпис на овластено лица и печатот на Царинската управа. Бројот на легитимација е идентичен со бројот на персоналното досие на царинскиот службеник.

На внатрешната лева страна од кожниот повез се наоѓа метална значка која е изработена од метал-позлатен месинг, со кружен облик каде што крајните точки од кружниот облик се во висина 50 мм, а во ширина 58 мм. Во средината на значката е втиснат симболот на Царинската управа, а околу симболот е испишан текст „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА, ЦАРИНА - CUSTOMS". Долната половина од значката е проширена, каде во средината е втиснат бројот кој е истоветен со бројот на легитимацијата.

Член 4

Службената легитимација ја издава директорот на Царинската управа или од него овластено лице.

За издадените и одземените службени легитимации Царинската управа води евиденција во електронска форма.

Евиденцијата содржи: реден број, име и презиме на царинскиот службеник ЕМБГ, работно место, крвна група на царинскиот службеник, датум на издавање на службената легитимација, регистарски број и број на службената легитимација, датум на одземање или замена, како и рубрика за забелешки во која се запишуваат измените на податоците.

Член 5

Службената легитимација му се издава на царинскиот службеник додека работи на работи и задачи како униформиран царински службеник, односно царински службеник со посебни должности и овластувања.

Член 6

На царински службеник на кој му престанал работниот однос му се одзема службената легитимацијата во рок од 24 часа.

На барање на царински службеник во рок од пет дена, службената легитимација му се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, истата е изгубена или кога царинскиот службеник ги сменил податоците кои се впишани во легитимацијата. Старите службени легитимации се бришат од евиденција.

Член 7

Службените легитимации кои се вратени или заменети се поништуваат.

Член 8

Службените легитимации на царинските службеници издадени согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници ("Службен весник на Република Македонија број 95/07 од 22.09.2007 година) ќе бидат заменети најдоцна во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници ("Службен весник на Република Македонија број 95/07 од 22.09.2007 година).

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.11-28472/7
28 октомври 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**Прилог**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-
ЦАРИНСКА УПРАВА

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

---------------------------------------
Име и Презиме на царинскиот службеник

---------------------------
број на легитимацијата

Адреса на живеење --------------------------------- -
-----------------------------------

ЕМБГ ---------------------------------------------------

Датум на издавање ------------- --------------------

--------------------------
Регистарски број
на легитимацијата

-----------------------------
крвна група на
царинскиот службеник

--------------------------------
Потпис на овластено лице

